Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-989/1
01.06.2023 год.
ОБЛЕШЕВО

Друштво за производство трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 252-1/23
31.05.2023 год.
Кочани

Д О Г О В О Р
За јавна набавка

Склучен на ден: 01.06.2023 год., помеѓу:

1. Општина Чешиново-Облешево , застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов, во натамошниот текст-Набавувач и

2. ДПТУ "Рики-Јуниор" ДООЕЛ Кочани, застапувано од Управителот Татјана Величкова, во натамошниот текст- Носител на набавката.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е: - ***- Набавка на канцелариски материјал за потребите на општината, сукцесивно за период од една година,***

За Дел 1- Производи од хартија
Дел 2 –Прибор за архивирање
Дел 3 – Прибор за пишување
Дел 4 –Канцелариски прибор-хефталици, спојувалки

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-790/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-789/1 од 26.04.2023 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена конечна понуда по е-аукција бр.05-824/5 од 30.05.2023 год., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 07491/2023 објавен на ЕСЈН на ден 26.04.2023 год., а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-926/1 од 17.05.2023 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на поднесена понуда и спроведена е-аукција(*Дел 1-* Производи од хартија, *Дел 2* –Прибор за архивирање, *Дел 3* – Прибор за пишување и *Дел 4* –Канцелариски прибор-хефталици, спојувалки **)**

и изнесува вкупно =2.232,40 денари, (двеилјадиидветстатриесетидваденари) збир од сите поединечни ставки опишани во спецификацијата за дел 1, 2, 3 и 4 (за единечни цени), составен дел од понудата,без пресметан ДДВ, односно по делови како следува:

За Дел 1- Производи од хартија **=89,00 ден.,** (без ДДВ)
Дел 2 –Прибор за архивирање **=200,00 ден.** (без ДДВ)
За Дел 3 – Прибор за пишување **=215,00 ден.** (без ДДВ)
За Дел 4 –Канцелариски прибор-хефталици, спојувалки **=1.728,40 ден.** (без ДДВ)

За предметната набавка- ***Набавка на канцелариски материјал за потребите на општината, сукцесивно за период од една година,***

(*За Дел 1* – Производи од хартија , *Дел 2* – Прибор за архивирање, *Дел 3* – Прибор за пишување и за *Дел 4* –Канцелариски прибор-хефталици, спојувалки) се предвидени финансиски средства во износ од 300.000,00 денари (без пресметан ДДВ),

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот се склучува на определено време од една година ,(за стоки и услуги) ; сметано од денот на потпишување на договорот.

ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Набавката е сукцесивна , за услуги по потреба на Набавувачот во текот на 1 (една) година.

Носителот на набавката е должен да ги набави стоките предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган (во рок од 1 ден), во временски период од 12 месеци (365 дена), сметано од склучување на договорот.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка од страна на Носителот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од членот 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право едностранo да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач (доколку понудата е прифатлива).

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

ЧЛЕН 6

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место,седиште, даночен број

-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата

-Количини со опис на стоките и услугите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката

-Единечни цени на секој елемент на набавката

-Вкупни цени по елементи

-вкупна цена на фактурата

-Пресметка на ДДВ и валута на плаќање

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Набавувачот се обврзува плаќањето на преземаната услуга да го врши на следниот начин:

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е претходно нарачана и извршена .

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор ќе се врши во рок од 60 дена по доставување на конечна фактура и испратница за извршени услуги, што ја

доставува Носителот на набавката, уредно потпишани за извршен прием на услугите .

Завршниот извештај ќе се достави до Нарачателот во примерен рок по завршување на услугите, уредно потпишан од Нарачателот и Носителот на набавката.

КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 8

Квантитативен и квалитативен прием на примената услуга врши набавувачот со увид и контрола на документацијата од двете договорни страни договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените услуги.

Член 9

Набавувачот може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на услугите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитеѣтот на примените услуги.

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 10

Материјален недостаток постои ако:

-Услугите според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Услугите ги немаат својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација.

Член 11

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на примената услуга, веднаш или најдоцна во рок од 08 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршената услуга.

ВИША СИЛА

Член 12

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за облигациони односи.

ОШТЕТУВАЊЕ

Член 13

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата преизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање наспорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на набавувачот, едно лиц од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение, спорот ќе се решава преку Основниот суд во Кочани.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога едната договорна страна не ги исполни обврските од овој Договор, другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применуваат одредбите највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република северна Македонија.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

Член 19

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носителот на набавката.

НАБАВУВАЧ,
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,
ДПТУ "Рики-Јуниор" ДООЕЛ Кочани
Управител,
Татјана Величкова

Прилог:Понуда со Спецификација бр.05-824/5 од 30.05.2023 год.

Изготвил:Љијанка Андонова

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА Општина Чешиново-Облешево 29.05.2023 година

Цени после е-аукцијата на канцелариски материјал дел 1

				Цени намалени по е-аукцијата		Цени пред е-аукцијата	
	Назив на материјалите	ед. Мера	коли-чина	ед.цена	вкупно без ДДВ	ед.цена	вкупно без ДДВ
1	Картон А4 формат, минимум 250г	парче	1	1.94	1.94	15	15
2	Тетратка А4 мек повез со широки линии, од минимум 48 листови	парче	1	7.75	7.75	60	60
3	Тетратка А5 мек повез со широки линии, од минимум 48 листови	парче	1	5.17	5.17	40	40
4	Пописна листа - основни средства, А3 формат, минимум 1/100 листови	кочан	1	0.65	0.65	5	5
5	Пописна листа - ситен инвентар, А3 формат , минимум 1/100 листови	кочан	1	0.65	0.65	5	5
6	Листови за попис на акти, А3 формат	парче	1	1.03	1.03	8	8
7	Попис на списи,А3 формат со печатено лого	парче	1	1.03	1.03	8	8

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

8	Даночна пријава ДИ-ПН	парче	1	7.75	7.75	60	60
9	Даночна пријава ДИ-НП	парче	1	7.75	7.75	60	60
10	Деловодник, Б4 формат од минимум 100 листа	парче	1	0.26	0.26	2	2
11	Деловодник, Б4 формат од минимум 200 листа	парче	1	0.39	0.39	3	3
12	Деловодник, Б4 формат од минимум 300 листа	парче	1	25.83	25.83	200	200
13	Деловодник доверлив, Б4 формат од минимум 100 листа	парче	1	0.39	0.39	3	3
14	Книга на влезни фактури, Б4 формат, минимум 100 листа	парче	1	0.26	0.26	2	2
15	Интерно доставна книга, Б4 формат, минимум 100 листа	парче	1	0.26	0.26	2	2
16	Книга за евиденција на примена пошта, Б4 формат, минимум 100 листа	парче	1	0.39	0.39	3	3
17	Книга за евиденција на испратена пошта, Б 4 формат, минимум 100 листа	парче	1	0.26	0.26	2	2

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

18	Коверти Ц5 среден со димензии162 x229 со лента самолепливи	парче	1	1.29	1.29	10	10
19	Книга за евиденција за работно време	парче	1	3.23	3.23	25	25
20	Патен налог-патна сметка (образец), минимум 100 листа	кочан	1	0.65	0.65	5	5
21	Патен налог за автомобил, минимум 100 листа	кочан	1	0.39	0.39	3	3
22	Образец ПП 50 налог за јавни приходи, минимум 1/100 листови	кочан	1	10.33	10.33	80	80
23	Коверти со десен прозор ,со димензии 110x 230мм	парче	1	1.03	1.03	8	8
24	Коверти големи Б4, со димензии 250x355 со лента самолепливи	парче	1	3.23	3.23	25	25
25	Коверти средни Б5, со димензии 176x250 со лента самолепливи	парче	1	1.29	1.29	10	10
26	Коверти мали Ц6, со димензии 125x175 со лента самолепливи	парче	1	0.65	0.65	5	5
27	Образец ПП 80 барање за исплата на готовина, минимум 1/100 листови	кочан	1	5.17	5.17	40	40

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз 1 РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

Вкупно без ДДВ	**89.00**		**689.00**
ДДВ Износ	**16.02**		**124.02**
Вкупно со ДДВ	**105.02**		**813.02**

Производство, трговија за увоз-извоз
РИКИ-Јуниор ДООЕЛ
Кочани

Tatjana Velichkova

Digitally signed by Tatjana Velichkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4013001114050, ou=4013001114050, 2.5.4.97=NTRMK-5540232, o=Riki-Junior Dooel, serialNumber=166339, title=Upravitel, sn=Velichkova, givenName=Tatjana, cn=Tatjana Velichkova
Date: 2023.05.29 14:00:14 +02'00'

Организациска единица	број	прилог	внесено
05	824/5		

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА Општина Чешиново-Облешево 29.05.2023 година

Цени после е-аукцијата на канцелариски материјал дел 2

				Цени намалени по е-аукцијата		Цени пред е-аукцијата	
	Назив на материјалите	ед. Мера	коли-чина	ед.цена	вкупно без ДДВ	ед.цена	вкупно без ДДВ
1	Папка со шетачки метален механизам, со прозирна пластифицирана прва страна А4 формат, пластична	парче	1	10.29	10.29	50	50
2	Папка, хромо картон со преклоп, А4 формат мимимум 280гр	парче	1	7.20	7.20	35	35
3	Папка картонска А4 со ластик	парче	1	10.29	10.29	50	50
4	Папки PVC со ластик А4 формат	парче	1	4.12	4.12	20	20
5	Регистратори А5 со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја ширина минимум 8 цм, во повеќе бои	парче	1	1.03	1.03	5	5
6	Регистратори А4 , со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја ширина минимум 8 цм, во повеќе бои	парче	1	51.44	51.44	250	250

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз 1 РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

7	Регистратори А4 , со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја минимум 5см, во повеќе бои	парче	1	2.06	2.06	10	10
8	Пластични папки за одлагање на документи А4 формат Л формат минимум 80 микрони	парче	1	2.47	2.47	12	12
9	Архивска кутија со врвка, минимум димензии 360x260x130 мм	парче	1	45.27	45.27	220	220
10	Архивска кутија со врвка, минимум димензии 500x350x150 мм	парче	1	65.84	65.84	320	320
				Вкупно без ДДВ	**200.00**		**972.00**
				ДДВ Износ	**36.00**		**174.96**
				Вкупно со ДДВ	**236.00**		**1146.96**

РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

Tatjana Velichkova

Digitally signed by Tatjana Velichkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4013001114050, ou=4013001114050, 2.5.4.97=NTRMK-5540232, o=Riki-Junior Dooel, serialNumber=166339, title=Upravitel, sn=Velichkova, givenName=Tatjana, cn=Tatjana Velichkova
Date: 2023.05.29 14:05:38 +02'00'

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА Општина Чешиново-Облешево 29.05.2023 година

Цени после е-аукцијата на канцелариски материјал дел 3

				Цени намалени по е-аукцијата		Цени пред е-аукцијата	
	Назив на материјалите	ед. Мера	коли-чина	ед.цена	вкупно без ДДВ	ед.цена	вкупно без ДДВ
1	Хемиско пенкало еднократно (траг од 0,5 мм до 07 мм), во сина боја	парче	1	7.72	7.72	35	35
2	Хемиско пенкало еднократно(траг од 0,5 мм до 07 мм), во црвена боја	парче	1	3.31	3.31	15	15
3	Хемиско пенкало еднократно (траг од 0,5 мм до 07 мм), во црна боја	парче	1	3.31	3.31	15	15
4	Пенкала со гел во црвена, боја, (траг од 0,5 мм до 0,7 мм)	парче	1	3.31	3.31	15	15
5	Пенкала со гел во црна боја, (траг од 0,5 мм до 0,7 мм)	парче	1	3.31	3.31	15	15
6	Пенкала со гел во сина боја, (траг од 0,5 мм до 0,7 мм)	парче	1	13.23	13.23	60	60

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз Рики-Јуниор ДООЕЛ Кочани

7	Молив со гума со тврдина на графит НВ	парче	1	4.41	4.41	20	20
8	Молив без гума со тврдина на графит НВ	парче	1	4.41	4.41	20	20
9	Маркер текст за потцртување на текст за еднократна употреба (во различни бои)	парче	1	16.54	16.54	75	75
10	Маркер пластичен со тап врв (перманентен) дебелина на траг од 1-3мм	парче	1	13.23	13.23	60	60
11	Маркер пластичен со остар врв (перманентен) дебелина на траг од 1-5мм	парче	1	13.23	13.23	60	60
12	Фломастер технички во различни бои (траг минимум 0,8 мм)	парче	1	7.72	7.72	35	35
13	Острилка метална со минимум димензии 2,5x 1,5cm	парче	1	9.92	9.92	45	45
14	Гума за бришење молив минимум 60x20x10мм	парче	1	7.72	7.72	35	35
15	Дрвени боици во различни бои, од минимум пакување 1/8	пакување	1	22.05	22.05	100	100
16	Мрсни боици во различни бои, од минимум пакување 1/8	пакување	1	15.44	15.44	70	70

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

17	Темперни бои, минимум пакување 1/8 со минимум 7,5 гр од боја	пакување	1	39.69	39.69	180	180
18	Фоломастери во различни бои, од минимум пакување 1/8	пакување	1	26.46	26.46	120	120
				Вкупно без ДДВ	**215.00**		**975.00**
				ДДВ Износ	**38.70**		**175.50**
				Вкупно со ДДВ	**253.70**		**1150.50**

Производство, трговија и услуги увоз-извоз РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

Tatjana Velichkova

Digitally signed by Tatjana Velichkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4013001114050, ou=4013001114050, 2.5.4.97=NTRMK-5540232, o=Riki-Junior Dooel, serialNumber=166339, title=Upravitel, sn=Velichkova, givenName=Tatjana, cn=Tatjana Velichkova
Date: 2023.05.29 14:13:42 +02'00'

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА Општина Чешиново-Облешево 29.05.2023 година

Цени после е-аукцијата на канцелариски материјал дел 4

				Цени намалени по е-аукцијата		Цени пред е-аукцијата	
	Назив на материјалите	ед. Мера	коли-чина	ед.цена	вкупно без ДДВ	ед.цена	вкупно без ДДВ
1	Хефталица клешта за иглици N. 24/6 за хефтање мин 20 листови	парче	1	131.77	131.77	300	300
2	Хефт иглици N. 24/6 пакување од најмалку 1/1000	пакување	1	21.96	21.96	50	50
3	Хефт иглици N. 23/13 пакување од најмалку 1000	пакување	1	4.39	4.39	10	10
4	Спојувалки за хартија 28mm минимум1/100 спојувалки	пакување	1	21.96	21.96	50	50
5	Дехефталка за отхефтување	парче	1	13.18	13.18	30	30
6	Ножици канцелариски со ПВЦ дршка и нож од челик со должина на целата ножица од 21-26 цм	парче	1	39.53	39.53	90	90

Производство, трговија и услуги за производство, трговија и увоз-извоз
1
РИКИ-Јуниор
ДООЕЛ
Кочани

7	Ножици канцелариски со ПВЦ дршка и нож од челик со должина на целата ножица од 5-12 цм	парче	1	17.57	17.57	40	40
8	Ножици канцелариски со ПВЦ дршка и нож од челик со должина на целата ножица од 13-20 цм	парче	1	8.78	8.78	20	20
9	Коректурен лак со разредувач сет 2/1, пакување од мин 20 мл	сет	1	37.34	37.34	85	85
10	Коректор лента , мин.должина 6м.	парче	1	35.14	35.14	80	80
11	Салотејп,димензии минимум 15ммх33 м	парче	1	17.57	17.57	40	40
12	Салотејп широк, прозирен и или кафеав, минимум димензии 50мм х66 м	парче	1	41.73	41.73	95	95
13	Лепак во туба универзален, прозирен, минимум 40 гр	парче	1	28.55	28.55	65	65
14	Дуплофан трака со двострано лепење димензии минимум 50мм х10 м	парче	1	8.78	8.78	20	20
15	Универзално лепило во форма на маркер (стик), прозирно минимум 15гр.)	парче	1	21.96	21.96	50	50
16	Чаша за моливи пластична, минимум 200 мл	парче	1	4.39	4.39	10	10

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани

17	Чаша за моливи метална мрежеста минимум 200 мл	парче	1	43.92	43.92	100	100
18	Најлонски УП папки за документи, перфорирани, А4 формат, од минимум 30 микрони, 1/100	пакување	1	131.77	131.77	300	300
19	Калкулатор со минимум димензии 150x180x30mm,со дисплеј од минимум 12бројки, канцелариски, соларно и батерија	парче	1	87.85	87.85	200	200
20	Калкулатор канцелариски со диспјел од минимум 12 бројки напојување соларно и батерии минимум димензии 180x135x40mm,	парче	1	21.96	21.96	50	50
21	Корпи за отпадоци метални мрежасти минимум 10 л	парче	1	96.63	96.63	220	220
22	Држачи за бецови со врвка PVC, минимум димензии 80x60 мм	парче	1	26.35	26.35	60	60
23	Држачи за бецови со штипалка PVC, минимум димензии 80x60 мм	парче	1	8.78	8.78	20	20
24	Пластични опаковки за компакт диск CD	парче	1	2.20	2.20	5	5
25	Компакт диск со хартиена опаковка CD-R, минимум 700 MB	парче	1	17.57	17.57	40	40

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз 1 Рики-Јуниор ДООЕЛ Кочани

26	Компакт диск DVD R со хартиена опаковка, минимум 4,7 Gb	парче	1	24.16	24.16	55	55
27	Батерии AAA 1,5 V, алкални	парче	1	19.77	19.77	45	45
28	USB минимум 32 GB	парче	1	263.54	263.54	600	600
29	USB минимум 16 GB	парче	1	219.62	219.62	500	500
30	USB минимум 8 GB	парче	1	210.83	210.83	480	480
31	Пластични полици хоризонтални за документи на биро (со димензии за мин А4 формат)	парче	1	65.89	65.89	150	150
32	Мемо Стик, 75x75mm во повеќе бои мин.100листа	парче	1	30.75	30.75	70	70
33	Коцки со лепчиња во пластична кутија, минимум 800 лепчиња, во повеќе бои	парче	1	2.20	2.20	5	5
				Вкупно без ДДВ	**1728.40**		**3935.00**
				ДДВ Износ	**311.11**		**708.30**
				Вкупно со ДДВ	**2039.51**		**4643.30**

Tatjana Velichkova

Digitally signed by Tatjana Velichkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4013001114050, ou=4013001114050, 2.5.4.97=NTRMK-5540232, o=Riki-Junior Dooel, serialNumber=166339, title=Upravitel, sn=Velichkova, givenName=Tatjana, cn=Tatjana Velichkova
Date: 2023.05.29 14:18:51 +02'00'